# НОВ ВО ДЕЛАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

XII РАЦИНОВИ СРЕДБИ

# НОВ ВО ДЕЛАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

НАРОДЕН МУЗЕЈ, ТИТОВ ВЕЛЕС
12. XI — 24. XI 1975

Изложбата е компонирана со дела од колекциите на Историскиот музеј на СРМ, Уметничка галерија и Музејот на современата уметност — Скопје
Организатор на изложбата: МСУ, Скопје

Прославата на 30-та годишнина од победата над фашизмот, беше повод на годинешниве Рацинови средби да се претстави мал пресек низ еден карактеристичен дел од нашата ликовна уметност. Тоа се творби што опфаќаат теми поврзани со борбата против фашизмот на нашата Револуција.

Историското минато на македонскиот народ е верига од настани проткаени со исклучителна драматичност и жестокост; но, исто така — и со возвишен, самоодредувачки и страствен стремеж кон слободата. Она што е зад на се чини како непоколеблива борба на луѓето од нашето подрачје против сите видови потиснувања, што вековите им ги наметнувале. Нашата древност и нашето неодамнешно револуционерно вчера, се поврзуваат во тој вител на одминати времиња како епизоди на една мачителна, но и славна епопеа. Современото македонско ликовно творештво, во рамките на оние уметнички хоризонти што ги достигна во одделни мигови на својот развој, постојано се има однесувано кон темите од националната историја. Во тој процес, романтичниот занес, комбиниран со притисокот на редица условности и ограничувања на времето, на неговите општи историски карактеристики, полека ѝ отстапуваше простор на една нова творечка ориентација. Стремежот да се согледа националната историја од перспективите на нашето време; да се почувствува како непрекината присутност во она што сме денес: како причина и содржина на нашето современо општество, национално и културно постоење — тоа е една од суштествените цели и на нашата ликовна уметност.

Можеме да заклучиме дека во делата на редица наши уметници се повеќе исчезнуваше лажната патетика или емфатичниот пристап, кон нешто што е величествено со самата логика на своите содржини. Тоа се изразува, како што покажуваат и изложените дела, низ широка стилска скала настојувања. Во нивните рамки нашите уметници од сите генерации ги создаваа своите творби поврзани со суровите времиња на последната војна. Во други, полека продираше стремежот кон понагласена експресивност и драматичност на ликовното кажување. Подоцна, историјата стана материја на творби што низ јазикот на симболиката, фантастиката и надреализмот ја претвораа нашата борба за слобода во сновиделички, митски и легендарни визии. Може да се заклучи, дека оној дел на нашата уметност што естестки предничи, се стреми, пред сè, кон творечка ангажираност: го изразува настојувањето да се оствари единство меѓу прогресивната, идејна и политичка ориентација и современата ликовна естетика. Сето ова движење е, конечно, резултат и на една практично реализирана вистина: дека само слободата на творештвото може да го овозможи богатството на уметничките определби на човекот, за неговата историја и борба против сите видови потиснувања на неговата личност.

**Борис Петковски**

## КАТАЛОГ

### Сликарство и цртеж

**Томо ВЛАДИМИРСКИ**

Роден 1904. во Скопје. Умрел 1971.
Завршил Уметничка школа и Академски курс 1935. во Белград

1. ФЕВРУАРСКИ ПОХОД
   масло на платно 114×47 1953

**Ванчо ЃОРЃИЕВ**

Роден 1924. во Скопје. Живее во Скопје
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности 1952. во Белград.

2. ОСТАТОК ОД ВОЈНАТА
   масло на платно 104×90 1969

Кирил ЕФРЕМОВ
Роден 1938. во Штип. Живее во Штип .
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1965.

3. ЖРТВИ НА ГЕНОЦИДОТ
   масло на платно 147×127 1971

**Димитар КОНДОВСКИ**

Роден 1927. во Прилеп. Живее во Скопје.
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1952.

4. НАПУШТАЊЕ НА СВОЈОТ ДОМ
   масло на платно 98×150 1958

**Боро КРСТЕВСКИ**

Роден 1931. во Скопје. Живее во Скопје.
Завршил Училиште за применета уметност во Загреб 1952.

5. МОТИВ ОД ТРЕБЛИНКА
   цртеж, креда 160×60 1970

**Спасе КУНОСКИ**

Роден 1929. во Дебар. Живее во Скопје.
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Загреб 1953.

6. ЛОГОР
   масло на платно 82×110 1960
7. ПОРТРЕТ НА ОКУПАТОРОТ
   масло на платно 101×74 1969

**Борко ЛАЗЕСКИ**

Роден 1917. во Прилеп. Живее во Скопје.
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Софија.

8. ДАБНИЦА
   масло, на платно 140×170 1970

**Лазар ЛИЧЕНОСКИ**

Роден 1901. во Галичник. Умрел 1964. во Скопје.
Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград 1927.

9. ШЕСТИ АПРИЛ
   масло на платно 62×92 1941

**Ристо ЛОЗАНОСКИ**

Роден 1923. во Прилеп. Умрел 1965. во Скопје.
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград.

10. ПАРТИЗАНКА
    масло на платно 72×54 1959

**Петар МАЗЕВ**

Роден 1927. во Кавадарци. Живее во Скопје.
Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1953.

11. ОКУПАТОРОТ ПОМИНА
    масло на платно 132×166 1968

**Љубодраг МАРИНКОВИЌ — ПЕНКИН**

Роден 1923. во Прилеп. Живее во Белград.
Дипломирал на Академијата за применети уметности во Белград.

12. ПАРТИЗАНСКИ ЈУРИШ
    масло на платно 91×54 1956

**Никола МАРТИНОСКИ**

Роден 1903. во Крушево. Умрел 1973 во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Букурешт 1927.

13. ПОХОД
    масло на платно 59×123 1963

14. ПРЕНОС НА РАНЕТИ БОРЦИ
    темпера на картон 33×25
    (циклус од 4 слики) 28×22 1949
    21×30
    22×20

**Ѓоко МАТЕВСКИ**

Роден 1942. во Скопје. Живее во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград.

15. СТАРИ И НОВИ ЖРТВИ
    масло на платно 147×158 1971

**Димитар ПАНДИЛОВ**

Роден 1898. во с. Тресонче (Галичник). Умрел 1963 во Скопје.
Завршил Уметничка академија во Софија 1924.

16. БЕГАЛЦИ
    масло на платно 84×95 1945

**Радмило ПОПОВСКИ**

Роден 1921. во Солун. Живее во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметници во Љубљана 1953.

17. ПАРТИЗАНСКИ ЈУРИШ
    цртеж, молив 69×99 1960

**Нове ФРАНГОВСКИ**

Роден 1939. во Галичник. Живее во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград.

18. ЈАС ТОА ГО ВИДОВ
    масло на платно 135×100 1968

**Томо ШИЈАК**

Роден 1930. во Косово Поле. Живее во Скопје. Посетувал Академија за ликовни уметности во Љубљана.

19. СТРЕЛАЊЕ
    масло на платно 60×100

20. ПАРТИЗАНСКА КОЛОНА
    масло на платно 150×100 1953

## Скулптура

**Васил ВАСИЛЕВ**

Роден 1938. во Скопје. Живее во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград.

1. ЗАТОЧЕНИЦИ
    дрво 200×55×30 1971

**Стефан МАНЕВСКИ**

Роден 1934. во Скопје. Живее во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1960.

2. ЗА СВОЈАТА ЗЕМЈА
    гипс 105×32×32 1971

**Боро МИТРИЌЕСКИ**

Роден 1927. во Прилеп. Живее во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Загреб 1954.

3. ЛОГОРАШ
    дрво 128×91×14 1965

**Борис НИКОЛОВСКИ**

Роден 1935. во Прилеп. Живие во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана 1959.

4. ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПУШ
    дрво 80×32×32 1975

**Димо ТОДОРОВСКИ**

Роден 1910. во Солун. Живее во Скопје. Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград.

5. ЈАМА
    бронза 75×70×70 1956

## Графика

**Божин БАРУТОВСКИ**

Роден во с. Селце (охридско) 1931. Живее во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје 1953.

1. ЈАМА
    линорез во боја 5/5 67×47,5 1965

2. СЕЌАВАЊЕ ЗА 1942
    линорез 2/5 64×48 1966

**Боро КРСТЕВСКИ**

Роден 1931. во Скопје. Живее во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност во Загреб 1952.

3. ЛОГОРАШ
    литографија во боја 1/5 28×40 1958

















издавач: музеј на современата уметност скопје
одговорен уредник: борис петковски
предговор: борис петковски
подготовка на каталогот: драгољуб богојевиќ
печатница: оозт »светлост« скопје
тираж: 500